Влада на Република Северна Македонија

Генерален секретаријат

Сектор за анализа на политиките и координација

# Извештај

за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации
од буџетот на органите на државната управа и единиците на локална самоуправа
во 2024 година

Скопје, август 2025 година

## 1. Вовед

Унапредувањето на системот на државно финансирање на граѓанските организации претставува една од најважните мерки содржани во стратешките документи на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество за периодот 2022-2024 и 2025-2028 година[1].

Финансирањето на граѓанските организации од Буџетот на Република Северна Македонија уредено е во Законот за здруженија и фондации и во Законот за игрите на среќа и за забавните игри. Други закони во кои е дадена можноста за финансиска поддршка на граѓанските организации се: Законот за животната средина, Законот за културата, Законот за спортот, Законот за заштита на потрошувачите, Законот за социјалната заштита, Законот за инвалидски организации, Законот за Црвениот крст на Република Македонија, Законот за јавно здравје, Законот за заштита и спасување, Законот за правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија и др. Средствата од Буџетот наменети за финансирање на активности на граѓанските организации се предвидени во буџетската ставка 463-Трансфери до невладини организации, меѓутоа класификацијата на расходи каде е содржано расчленувањето на 463, содржи потставки преку кои се поддржани и политички партии, месни заедници, спортски федерации итн. Буџетската ставка 463 не е единствената преку која се поддржани граѓанските организации. Одредени органи на државната управа распределуваат средства преку ставката 464-Разни трансфери, но анализата на трошењето на овие средства е отежната поради отсуство на јавно објавени податоци.

Извештајот за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на органите на државната управа и единиците на локална самоуправа во 2024 година е подготвен врз основа на писмени известувања од министерствата, други органи на државна управа и единиците на локална самоуправа. Извештајот не содржи податоци за Град Скопје и 12 општини: Арачиново, Боговиње, Ѓорче Петров, Гостивар, Долнени, Карпош, Кривогаштани, Липково, Сарај, Сопиште, Студеничани и Чаир, кои не одговорија на барањето на Генералниот секретаријат на Владата од 16.01.2025 година.

Согласно добиените известувања, во 2024 година доделени се вкупно 1.959.549.732 денари финансиска поддршка за 3.655 проекти/програми на здруженија и фондации, што претставува 13.14% од вкупните приходи на граѓанските организации во 2024 година. 62.36% од средствата (1.222.033.608 денари) се доделени по пат на јавен оглас, а 37.64% (737.516.124 денари) се доделени во постапка без јавен оглас.




Од вкупно доделените средства, 1.596.262.038 денари (81.46%) се доделени од централниот буџет, како финансиска поддршка за 1.561 проекти/програми на здруженија и фондации, а 363.287.694 денари (18.54%) се доделени од буџетот на единиците на локална самоуправа (без Градот Скопје и 12 општини што не доставија известување) како финансиска поддршка за 2.094 проекти/програми на здруженија и фондации.

[1] Стратегија на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2022-2024, усвоена на 130.седница на Владата, одржана на 29.12.2021 година и Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2025-2028, усвоена на 90.седница на Владата, одржана на 8.7.2025 година







## 2. Број и вкупни приходи на граѓанските организации во 2024 година

Според отворените податоци на Централниот регистар на Република Северна Македонија, Статистички билтен[2], Трговски регистар и регистар на други правни лица, во групата на организационен облик 10.0 Општествени организации, фондации и здружение на граѓани, вкупниот број на субјекти во 2024 година е 15.962. Според Регистарот на годишни сметка, во истата група на организационен облик, годишни сметки или известување за немање на деловна активност, односно остварен приход помал од 2.500 евра во денарска противвредност, согласно Законот за сметководство на непрофитните организации за 2024 година поднеле 13.816[3] субјекти (активни организации), од кои 13.610 здруженија (375 социјално хуманитарни здруженија, 3.279 спортски здруженија, 462 културни здруженија, 401 професионални (струкови) здруженија, 153 еколошки здруженија и 8.940 останати организации) и 206 фондација. Вкупниот број на вработени во граѓанските организации во 2024 година е 2.620.

Графикон 1: Структура на граѓанското општество во 2024 година според група на организационен облик




[2] Централен регистар на Република Северна Македонија, Отворени податоци - Статистички билтен https://www.crm.com.mk/mk/otvoreni-podatotsi/statistichki-bilten?t=1&v=0&y=2023&ortg=14 проверено на 9.7.2025 год.

[3] 3.460 организации поднеле годишни сметки за 2024 година, а 10.356 известувања за деловна неактивност, односно дека во 2024 година оствариле вкупен приход под 2.500 евра во денарска противвредност (https://wwwcrm.com.mk/mk/otvoreni-podatotsi/statistichki-bilten?t=1&v=0&y=2023&ortg=14 проверено на 9.7.2025 година)

Во однос на регионалната застапеност на граѓанските организации во државата, во 2024 година од вкупно 13.816 активна организација, 5.583 (40,41%) организации имаат седиште во Скопскиот плански регион, 1.791 организации (12.96%) во Пелагонискиот, 1.323 организации (9.58%) во Југозападниот, 1.236 организации (8.95%) во Полошкиот, 896 организации (6.48%) во Источниот, 1.152 организации (8.34%) во Југоисточниот, 1.043 организации (7.55%) во Вардарскиот и 792 организации (5.73%) во Североисточниот плански регион.

Графикон 2: Регионална застапеност на граѓанските организации во Република Северна Македонија во 2024 година




Вкупните приходи на граѓанските организации во 2024 година, согласно податоците од статистичкиот билтен на Централниот регистар се 14.911.892.364 денари. Најголем дел од приходите, 11.692.187.004 денари (78.41%) оствариле граѓанските организации со седиште во Скопскиот плански регион, 853.279.667 денари (5.7%) во Пелагонискиот, 491.696.724 денари (3.3%) во Источниот, 432.195.235 денари (2.9%) во Полошкиот, 395.250.998 денари (2.65%) во Југозападниот, 393.325.972 денари (2,64%) во Југоисточниот, 350.538.077 денари (2.35%) во Вардарскиот и 303.418.687 денари (2.03%) со седиште во Североисточниот плански регион.

Графикон 3: Вкупни приходи на граѓанските организации во 2024 година, по плански региони



## 3. Финансиска поддршка на граѓанските организации во 2024 година од органите на државната управа

Во 2024 година финансиска поддршка на здруженија и фондации на централно ниво доделиле: Министерство за одбрана, Министерство за економија и труд, Министерство за социјална политика, демографија и млади, Министерство за култура и туризам, Министерство за дигитална трансформација, Министерство за животна средина и просторно планирање и Министерство за спорт.

Во буџетот на Владата на Република Северна Македонија, Министерство за внатрешни работи, Министерство за надворешни работи и надворешна трговија, Министерство за европски прашања, Министерство за финансии, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за локална самоуправа и Министерство за јавна администрација не биле предвидени средства за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации, а средствата планирани за оваа намена во буџетот за 2024 година на Министерството за односи меѓу заедниците, Дирекцијата за заштита и спасување и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, не биле потрошени. Исто така, Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД) на Министерството за финансии, во фондовите за календарската 2024 година, нема склучено, односно потпишано договори за грант на граѓански организации.

Во 2024 година од страна на органите на државната управа доделени се вкупно 1.596.262.038 денари финансиска поддршка за 1.561 проекти/програми на здруженија и фондации, од кои 1.042.462.038 денари се доделени по пат на јавен оглас на 779 граѓански организации, а 553.800.000 денари се доделени во постапка без јавен оглас на 782 организации.

- Вкупно доделени средства од ОДУ во 2024 - 1.596.262.038 денари
- Преку јавен оглас - 1.042.462.038 денари (65.31%)
- Без јавен оглас - 553.800.000 денари (34.69%)

Без јавен оглас е доделена финансиската поддршка од Министерството за одбрана и 92.54% од финансиската поддршка на Министерството за спорт.

При утврдување на приоритетите за финансирање министерствата не спровеле консултации со граѓански организации, но Министерството за култура и туризам континуирано е во контакт со граѓанските организации со оглед на фактот што истите во голема мера се застапени на годишните конкурси, а Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Македонски зелен центар секоја година организира годишна средба со граѓанските организации.

Во однос на транспарентноста, во составот на комисиите за евалуација на предлог-проекти во институциите не учествувале претставници на граѓанските организации, а одлуките за распределба на средствата се објавуваат на нивните веб-страници. Во Министерството за економија и труд граѓанските организации биле поканети да присуствуваат при отворањето на пријавите.

Кај сите органи на државната управа, корисниците на средства согласно договорите за реализација на проектите се обврзани да доставуваат годишен наративен и финансиски извештај, со детални податоци за реализација на активностите наведени во проектите, како и докази за наменска искористеност на средствата.

Табела 1: Преглед на доделена финансиска поддршка на здруженија и фондации на централно ниво за 2024 година

| Министерство | Вкупно доделени средства | Број на финансирани организации | Доделени средства по пат на јавен оглас | Доделени средства без јавен оглас |
|---|---|---|---|---|
| Министерство за одбрана | 2.600.000 | 2 | 0 | 2.600.000 |
| Министерство за економија и труд | 8.131.940 | 32 | 8.131.940 | 0 |
| Министерство за социјална политика, демографија и млади | 823.064.657 | 55 | 821.864.657 | 1.200.000 |
| Министерство за култура и туризам | 128.781.990 | 536 | 128.781.990 | 0 |
| Министерство за дигитална трансформација | 7.943.451 | 6 | 7.943.451 | 0 |
| Министерство за животна средина и просторно планирање | 31.380.000 | 105 | 31.380.000 | 0 |
| Министерство за спорт | 594.360.000 | 825 | 44.360.000 | 550.000.000 |
| **Вкупно** | **1.596.262.038** | **1.561** | **1.042.462.038** | **553.800.000** |

Графикон 4: Три министерства најголеми даватели на финансиска поддршка на здруженија и фондации на централно ниво во 2024 година




**Министерството за одбрана** во 2024 година, без јавен оглас, додели 2.600.000 денари, од кои: 2.000.000 денари, согласно Законот за одбрана, на Организацијата на резервни офицери на Република Северна Македонија, за учество во обуката и подготовките за упатување на припадниците на резервните сили на Армијата и 600.000 денари на Здружение Клуб на генерали, за организирање на научни трибини, конференции од областа на безбедноста, како и афирмирање на војничката професија.

**Министерството за економија и труд** во 2024 година, по пат на јавен оглас, додели вкупно 8.131.940 денари на 32 граѓански организации. Согласно Законот за заштита на потрошувачите и Програмата за заштита на потрошувачите за 2024 година („Службен весник на РСМ" бр.31/24) доделени се 1.999.700 денари за реализација на програма (проект) на 6 организации на потрошувачите. Во рамките

на Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија за 2024 година, мерка 6, кофинансирање на проекти за развој и промоција на претприемништвото и занаетчиството, како и програмски активности на мрежите на бизнис ангели, доделени се 6.132.240 денари на 26 граѓански организации. При утврдување на приоритетите за програмите не биле спроведени консултации со граѓански организации, огласите за финансиска поддршка биле објавени во два дневни весници ("Коха" и "Слободен печат") и на веб-страницата на министерството. Комисиите за доделување на финансиските средства биле составени од вработени во министерството, а граѓанските организации биле поканети да присуствуваат при отворањето на пријавите.

**Министерството за социјална политика, демографија и млади**, во 2024 година додели вкупно 823.064.657 денари на 55 граѓански организации. Согласно Законот за игрите на среќа и за забавните игри и Програмата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженијата за борба против семејно насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и забавни игри во 2024 година („Службен весник на РСМ" бр.43/24), преку јавен оглас, доделило вкупно 79.482.629 на 13 организации, од кои 65.999.952 денари на 8 национални инвалидски организации, согласно Законот за инвалидски организации, 5.499.992 денари на 4 организации за борба против семејното насилство и 7.982.685 денари за финансирање на годишната програма на Црвениот крст на Република Северна Македонија (ОО Центар). 1.200.000 денари се доделени на Сојузот на борците од НОАВМ 1941-1945 и граѓаните продолжувачи, а 1.121.419 денари од програмата 80 Родова еднаквост и недискриминација, се доделени за давање на социјални услуги во Центарот за згрижување на жртви со трговија со луѓе-Скопје. Од програмата 46 Деинституционализација и социјални услуги, преку центрите за социјална работа исплатени се 671.533.633 денари на 40 здруженија, а 69,726,946 денари се исплати од програмата 47 Подобрување на социјалните услуги и пензискиот систем, 78650-Проект за унапредување на социјални услуги, заем бр. 8902-МК на организации даватели на социјални услуги.

**Министерството за култура и туризам** во 2024 година доделило вкупно 128.781.990 денари на 536 здруженија, согласно Законот за култура и врз основа на годишни конкурси за финансирање на проекти од национален интерес по одделни област и активности од културата, за следните области: меѓународна дејност 15.974.762 денари за 74 проекти на здруженија; драмска дејност 17.102.684 денари за 39 проекти на здруженија; музичка и музичко-сценска дејност 39.748.400 денари за 95 проекти на здруженија; фолклор 18.091.400 денари за 107 проекти на здруженија; визуелна дејност, архитектура и дизајн 4.449.200 денари за 45 проект на здруженија; интердисциплинарни проекти 12.093.511 денари за 55 проекти на здруженија; креативни индустрии 3.432.171 денари за 10 проекти на здруженија; издавачка дејност и литература 8.547.762 денари за проекти на 48 здруженија; библиотечна дејност 1.254.000 денари за 6 проекти на здруженија; заштита на недвижното културно наследство и заштита на аудиовизуелните добра 1.852.000 денари за 13 проекти на здруженија и музејска дејност и заштита на нематеријално културно наследство 6.236.100 денари за 44 проекти на здруженија. Годишните конкурси се објавуваат во септември, за наредната година, на веб-страницата на министерството и во средствата за јавно информирање и траат најмалку 30 дена. Аплицирањето на годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес по одделни области и активности од културата за 2024 година целосно се спроведуваше преку Националниот портал за е-услуги. Оцена на пријавите за финансирање на проекти од годишните конкурси вршат стручни комисии, односно надворешни соработници на министерот за култура и туризам, во рок од 45 дена од денот на завршување на конкурсите.

**Министерството за дигитална трансформација**, по пат на јавен повик од 2023 година и врз основа на потпишан конзорциумски договор бр.08-462/1 од 27.08.2024 година за имплементација на проектот MKSafeNet/Центар за побезбеден интернет, додели вкупно 7.943.451 денари на 6 граѓански организации.

**Министерството за животна средина и просторно планирање** во 2024 година, врз основа на член 175 став 1 од Законот за животна и Програмата за инвестирање во животна средина за 2024 година („Службен весник на РСМ" бр.12/24), по пат на јавен оглас (Конкурс за распределување на средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2024 година), додели вкупно 31.380.000 денари на 105 здруженија, за поддршка на младинскиот сектор и младинските трендови за спроведување на проекти за заштита на животната средина; поддршка за заштита и благосостојба на животните; зголемување на јавната свест, едукација и обука за заштита на животната средина и климатските промени; спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на природата; и поттикнување на образовни, истражувачки и развојни студии, програми и проекти за заштита и унапредување на животната средина. Министерството во соработка со Македонскиот зелен центар секоја година организира Годишна средба со граѓански организации во целокупниот аспект на животната средина, од презентирање на приоритетите за финансирање во животната средина, учество на организациите во донесување на одлуки во процесите, проектите, програмите од животната средина и сл.

**Министерството за спорт** (заедно со поранешната Агенција за млади и спорт) во 2024 година додели вкупно **594.360.000** денари на 825 организации. Од нив, 44.860.000 денари се доделени на 46 спортски федерации, врз основа на програмата 20/40 (Програма за распределба на средствата од игрите на среќа и забавните игри за 2024 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија), по пат на конкурс објавен во печатените медиуми. Комисиите за евалуација биле составени од вработени во институцијата од Сектор спорт и во нив не учествувале претставници на граѓански организации. Организациите се должни да поднесат Годишен извештај за наменски потрошени средства. Без јавен оглас исплатени се 550.000.000 денари на 779 спортски субјекти-здруженија, согласно програма 50 субвенции од областа на спортот.

## 4. Финансиска поддршка на граѓанските организации во 2024 година од единиците на локалната самоуправа

Финансирањето на граѓанските организации од страна на единиците на локалната самоуправа произлегува од Законот за здруженија и фондации (член 49). Од вкупно 80 општини и Градот Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа, 68[4] општини доставија известување за финансиска поддршка на здруженија и фондации во 2024 година. Согласно доставените податоци, 62 општина имаат доделено средства за финансиска поддршка на здруженија и фондации, при што во 9[5] од нив средствата во целост биле доделени преку **јавен оглас**, во 24[6] општини средствата во целост биле доделени **без јавен оглас**, а кај останатите 29[7] општини дел од средствата биле распределени со јавен оглас, а дел биле доделени без јавен оглас. Општините Брвеница, Желино, Петровец, Пласница, Чешиново-Облешево и Шуто Оризари известија дека не доделиле средства на граѓански организации во 2024 година. Во 2024 година, од страна на општините доделени се вкупно 363.287.694 денари како финансиска поддршка за 2094

[4] Градот Скопје и општините: Арачиново, Боговиње, Гостивар, Долнени, Ѓорче Петров, Карпош, Кривогаштани, Липково, Сарај, Сопиште, Студеничани и Чаир немаат доставено податоци за финансиска поддршка на здруженија и фондации во 2024 година

[5] Богданци, Карбинци, Кисела Вода, Кочани, Македонска Каменица, Неготино, Свети Николе, Чашка и Чучер Сандево

[6] Берово, Босилово, Василево, Вевчани, Врапчиште, Дебрца, Демир Хисар, Зелениково, Зрновци, Илинден, Јегуновце, Конче, Кратово, Маврово и Ростуше, Македонски Брод, Могила, Ново Село, Пехчево, Ранковце, Росоман, Струга, Теарце, Тетово и Центар Жупа

[7] Аеродром, Битола, Бутел, Валандово, Велес, Виница, Гази Баба, Гевгелија, Градско, Дебар, Делчево, Демир Капија, Дојран, Кавадарци, Кичево, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Лозово, Новаци, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Старо Нагоричане, Струмица, Центар и Штип

проекти/програми на здруженија и фондации, од кои 179.571.570 денари (49.43%) се доделени по пат на јавен оглас, а останатите 183.716.124 денари (50.57%) се доделени без објавување на јавен оглас.

Вкупно доделени средства од општините во 2024 - 363.287.694 денари

Преку јавен оглас - 179.571.570 денари (49.43%)

Без јавен оглас - 183.716.124 денари (50.57%)

При утврдување на приоритетите за финансирање и пред донесување на буџетот, општините Берово, Валандово, Вевчани, Велес, Виница, Дебар, Делчево, Демир Капија, Кавадарци, Крива Паланка, Македонска Каменица, Охрид, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Старо Нагоричане, Струга, Струмица, Центар, Чучер Сандево, Штип и други, организираат јавна расправа или буџетски форум, на кој учествуваат и претставници на граѓански организации.

Огласите за финансиска поддршка општините најчесто ги објавуваат во Службен гласник на општината, веб-локацијата на општината, огласната табла на општината и во локални медиуми, додека критериумите и постапката за избор се утврдени во соодветни документи кои ги носи Советот на општината. Финансиската поддршка се најчесто преку програмите за локален економски развој, култура, спорт и млади, образование, здравствена, детска и социјална заштита, еднакви можности и сл., а дел од општините имаа и посебни програми за финансиска поддршка на здруженија и фондации, како на пример: општина Аеродром- Програма за остварување соработка со здруженија и фондации и Програма за доделување спонзорства и донации, Гази Баба-Програма за јавни дејности, Кавадарци – Програма за поддршка на невладиниот сектор, Пробиштип - Потпрограма за поддршка на локални здруженија на граѓани и Центар-Програма за финансирање на здруженија и фондации. Дел од општините, како на пример: Велес, Гази Баба, Делчево, Крива Паланка, Куманово, Македонска Каменица, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Старо Нагоричане, Центар, Чашка и други имаат правилници за условите, начинот и постапката за доделување на финансиски средства од буџетот на општината или методологија за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од буџетот на општината на здруженија и фондации (Крушево, Новаци, Радовиш и др.).

Во составот на комисиите за евалуација на предлог-проектите кај најголем дел од општините не учествувале претставници на граѓанските организации, со исклучок на општините Врапчиште, Кавадарци, Радовиш, Старо Нагоричане и Струмица, каде претставници на граѓански организации биле вклучени во комисиите за евалуацијата на предлог-проектите.

Повеќето општини кои имаат доделено средства по пат на јавен оглас во 2024 година, одлуките за распределба на средствата ги имаат објавено во Службен гласник на општината и на официјалната веб-локација на општината, официјален Facebook профил на општината или огласната табла на општината, а воедно доставиле и известување до здруженијата на кои им се доделени средства за финансиска поддршка. Меѓу нив се: Аеродром, Валандово, Гази Баба, Дебар, Делчево, Демир Капија, Кавадарци, Крива Паланка, Крушево, Ранковце, Ресен, Старо Нагоричане, Струга, Струмица, Центар, Чашка, Штип и др.

Согласно договорите за финансиска поддршка кои се потпишуваат помеѓу градоначалникот на општината и здружението/фондацијата, општините го следат спроведувањето на одобрените проекти преку проверка на завршните извештаи кои содржат наративен и финансиски дел. Кон наративниот дел најчесто се приложуваат пропратни анекси, како медиумски записи, слики, печатени материјали, листи на присутни и сл. додека финансискиот дел содржи докази за наменски направени трошоци, како на пример: фактури, изводи од сметка, налози за плаќање и слично.

Во 2024 година, општина Охрид обезбедила 605.523 денари за 25% кофинансирање на проекти на граѓански организации од интерес за општината, финансирани од Reload 2 програмата на УНДП.

Табела 2: Преглед на доделени средства во 2024 година на здруженија и фондации на локално ниво (во денари)

| Општина | Вкупно доделени средства | Процент на доделени средства од буџетот на општината | Број на финансирани организации | Доделени средства по пат на јавен оглас | Доделени средства без јавен оглас |
|---|---|---|---|---|---|
| Аеродром | 7.685.000 | / | 5 | 0 | 7.500.000 |
| Берово | 1.639.361 | 1.25% | 10 | 0 | 1.639.361 |
| Битола | 26.484.922 | 1.1% | 266 | 7.091.734 | 19.463.188 |
| Богданци | 2.680.000 | / | 11 | 2.330.000 | 0 |
| Босилово | 1.128.500 | 1.7% основен / 0.61% вкупен | 13 | 0 | 1.128.500 |
| Бутел | 1.265.000 | 0.38% | 7 | 1.160.000 | 105.000 |
| Валандово | 1.384.400 | 1.19% | 20 | 1.024.000 | 360.400 |
| Василево | 104.000 | 0.13% | 6 | 0 | 104.000 |
| Вевчани | 190.000 | 0.25% | 4 | 0 | 190.000 |
| Велес | 10.416.000 | 2.5% основен | 58 | 2.548.000 | 7.868.000 |
| Виница | 3.615.574 | 2.86% основен 0.90% вкупен | 20 | 3.609.574 | 6.000 |
| Врапчиште | 98.000 | 0.012% | 3 | 0 | 98.000 |
| Гази Баба | 12.434.000 | 0.71% здруженија 0.94% спортски здруженија и клубови | 145 | 12.134.000 | 300.000 |
| Гевгелија | 26.592.667 | 8.84% основен 3.92% вкупен | 87 | 23.710.000 | 2.882.667 |
| Градско | 1.372.000 | 2.33% основен 1.24% вкупен | 7 | 1.000.000 | 372.000 |
| Дебар | 3.353.000 | 2.44% | 40 | 2.620.000 | 733.000 |
| Дебрца | 995.000 | 0.74% | 22 | 0 | 995.000 |
| Делчево | 80.000 | 0.05% основен | 3 | 50.000 | 30.000 |
| Демир Капија | 816.000 | 0.60% | 6 | 156.000 | 660.000 |
| Демир Хисар | 218.000 | 0.28% | 6 | 0 | 218.000 |
| Дојран | 2.510.000 | 1.02% | 10 | 1.610.000 | 900.000 |
| Зелениково | 100.000 | 0.11% | 1 | 0 | 100.000 |
| Зрновци | 18.500 | / | 1 | 0 | 18.500 |
| Илинден | 1.034.205 | 0.22% | 15 | 0 | 1.034.205 |
| Јегуновце | 6.000 | / | 1 | 0 | 6.000 |
| Кавадарци | 6.104.190 | 0.75% | 28 | 2.210.000 | 3.894.190 |
| Карбинци | 936.000 | 0.55% | 1 | 936.000 | 0 |
| Кисела Вода | 7.290.000 | / | 42 | 7.290.000 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Кичево | 7.604.000 | 1.66% | 56 | 7.324.000 | 280.000 |
| Конче | 2,991.800 | 4.99% | 17 | 0 | 2.991.800 |
| Кочани | 4.777.650 | 1.90% | 106 | 4.777.650 | 0 |
| Кратово | 270.500 | / | 6 | 0 | 270.500 |
| Крива Паланка | 2.920.000 | 0.41% | 20 | 1.660.000 | 1.260.000 |
| Крушево | 450.000 | 0.43% | 10 | 376.000 | 74.000 |
| Куманово | 39.181.000 | 3.076% | 124 | 15.601.000 | 23.580.000 |
| Лозово | 1.185.000 | 2.30% | 5 | 1.130.000 | 55.000 |
| Маврово и Ростуше | 857.000 | 0.7% | 20 | 0 | 857.000 |
| Македонска Каменица | 10.460.000 | 4,32% основен 2.71% вкупен | 19 | 10.460.000 | 0 |
| Македонски Брод | 337.665 | 0.28% | 5 | 0 | 337.665 |
| Могила | 1.118.000 | / | 26 | 0 | 1.118.000 |
| Неготино | 200.000 | 0.097% основен | 6 | 200.000 | 0 |
| Новаци | 8.276.444 | 6.4% вкупен (заедно со цркви, манастири и црковни одбори) | 19 | 1.428.700 | 6.847.744 |
| Ново Село | 480.000 | 0.6% | 7 | 0 | 480.000 |
| Охрид | 69.292.743 | / | 261 | 20.026.243 | 49.266.500 |
| **Пехчево** | 67.700 | 4.4% основен | 3 | 0 | 67.700 |
| Прилеп | 5.875.640 | 0.23% вкупен | 162 | 5.640.640 | 235.000 |
| Пробиштип | 3.075.000 | 1.51% | 15 | 2.980.000 | 95.000 |
| Радовиш | 14.771.000 | 2.14% вкупен | 55 | 11.771.000 | 3.000.000 |
| Ранковце | 35.000 | 0.0247% | 2 | 0 | 35.000 |
| Ресен | 1.618.000 | 0.69% | 15 | 990.000 | 628.000 |
| **Росоман** | 292.635 | 0.31% | 3 | 0 | 292.635 |
| Свети Николе | 1.290.000 | 0.6% | 16 | 1.290.000 | 0 |
| Старо Нагоричане | 128.500 | 0.09% основен | 4 | 110.000 | 18.500 |
| Струга | 4.448.2000 | 0.38% | 46 | 0 | 4.448.200 |
| Струмица | 40.732.275 | 5.8% основен | 99 | 5.673.106 | 35.059.169 |
| Теарце | 509.000 | 0.51% | | 0 | 509.000 |
| Тетово | 834.000 | 0.39% основен | 2 | 0 | 834.000 |
| Центар | 7.052.223 | 0.85% | 43 | 6.706.923 | 345.300 |
| Центар Жупа | 12.000 | 0.097% | 1 | 0 | 12.000 |
| Чашка | 460.000 | 0.21% | 17 | 460.000 | 0 |
| Чучер Сандево | 780.000 | 0.51% | 3 | 780.000 | 0 |
| Штип | 10.354.400 | 2.4% | 68 | 10.172.000 | 182.400 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Забелешка | Град Скопје и 12 општини (Арачиново, Боговиње, Гостивар, Долнени, Ѓорче Петров, Карпош, Кривогаштани, Липково, Сарај, Сопиште, Студеничани и Чаир) не доставија податоци за финансиска поддршка на здруженија и фондации во 2024 година, а 6 општини (Брвеница, Желино, Петровец, Пласница, Чешиново-Облешево и Шуто Оризари) немаат доделено средства | | | | |
| **Вкупно** | **363.287.694** | | **2.094** | **179.571.570** | **183.716.124** |

Најголеми даватели на финансиска поддршка на здруженија и фондации на локално ниво во 2024 година се општините: Охрид, Струмица, Куманово, Гевгелија, Битола, Радовиш, Гази Баба, Македонска Каменица, Велес и Штип.

Графикон 5: Десет општини најголеми даватели на финансиска поддршка на здруженија и фондации на локално ниво во 2024 година (во денари)




## 5. Заклучни согледувања и препораки

Според податоците обезбедени при подготовка на овој Извештај, за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации во 2024 година биле издвоени вкупно **1.959.549.732 денари**, за финансиска поддршка на 3.655 проекти/програми, што претставува **13.14%** од вкупните приходи на граѓанските организации во 2024 година.

Од вкупно доделените средства, 1.596.262.038 денари (81.46%) се доделени од централниот буџет, како финансиска поддршка за 1.561 проекти/програми на здруженија и фондации, а 363.287.694 денари (18.54%) се доделени од буџетот на единиците на локална самоуправа (без Градот Скопје и 12 општини[8] што не доставија податоци), како финансиска поддршка за 2.094 проекти/програми на здруженија и фондации.

Споредено со 2023 година[9], финансиската поддршка за граѓанските организации во 2024 година од централниот буџет и буџетот на единиците на локална самоуправа кои доставија известување до Генералниот секретаријат на Владата и се анализирани во овој извештај е **зголемена за 31.28%,** а уделот на државно финансирање од централниот буџет и буџетот на единиците на локална самоуправа за финансиска поддршка на граѓанските организации од вкупните приходи на граѓанските организации во 2024 година е **зголемен за 3.25%.**

Доделената финансиска поддршка на граѓанските организации во 2024 година од централниот буџет и буџетот на единиците на локална самоуправа во номинален износ претставува 97.98% од планираните средства (околу 2 милијарди денари) според активност 8.1 од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество (2022-2024), но е за 16.86% помала во однос на планираниот удел (30%) од вкупните приходи на граѓанските организации во 2024 година.

Правилникот за класификација на расходите („Службен весник на РМ" бр.76/09 и 153/09 и „Службен весник на РСМ" бр.75/21 и 253/24) предвидува посебно конто, односно буџетска ставка 463-Трансфери до невладини организации, според која буџетските корисници треба да ја планираат финансиската поддршка на граѓанските организации. Сепак, дел од органите на државна управа предвидуваат средства за оваа намена и преку други ставки, како на пример: 464-Разни трансфери, 425-Договорни услуги и др. Со цел зголемување на транспарентноста и отчетноста во планирањето и обезбедувањето средства за финансиска поддршка на граѓанските организации, потребно е да се воведат механизми со кои ќе се осигура дека планирањето на овие средства ќе биде на контото 463, а само во исклучителни и специфични случаи тоа да се врши преку други конта во Буџетот на Република Северна Македонија.

## 6. Прилог: Табеларни прегледи на доделена финансиски поддршка на граѓански организации во 2024 година

[8] Арачиново, Боговиње, Ѓорче Петров, Гостивар, Долнени, Карпош, Кривогаштани, Липково, Сарај, Сопиште, Студеничани и Чаир

[9] Во 2023 година од централниот буџет и од буџетот на единиците на локалната самоуправа (без градот Скопје и 16 општини што не доставија податоци) биле издвоени вкупно 1.346.631.075 денари за финансирање на 2.331 проекти/програми на здруженија и фондации, што претставува 9.89% од вкупните приходи на граѓанските организации во 2023 година.